# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДОБАВУВАЧИ

## ПРИЛЕПСКА ПИВАРНИЦА АД ПРИЛЕП



ЈАНУАРИ • 2021

www.prilepskapivarnica.com.mk

Врз основа на член 67 од Статутот на Прилепска пиварница АД Прилеп, Управниот одбор на состанокот одржан на 18.01.2021 година го донесе следниот:

# К О Д Е К С

## на однесување на добавувачи

### Цел и област на примена

Во Прилепска пиварница АД Прилеп веруваме дека етиката и одговорноста се вистинскиот и единствен начин на водење бизнис. Нашиот кодекс на однесување на добавувачите ги поставува нашите очекувања за добавувачите, вклучувајќи ги областите на деловниот интегритет и антикорупција, работни практики, здравје и безбедност и управување со животната средина.

Кодексот на однесување на добавувачите има за цел зацврстување и развивање на односите со добавувачите, темелени на нашето убедување дека доброто корпоративно управување е срцта за долгорочен деловен успех и истото мора да биде соодветно рефлектирано и во односите со нашите вработени, нашиот однос кон пазарот, животната средина и пошироката заедница.

Очекуваме сите добавувачи, изведувачи, консултанти и други даватели на стоки и услуги кои работат со или во име на Прилепска пиварница АД Прилеп („добавувачи“) да го применуваат Кодексот и сите други релевантни правила како услов за водење бизнис со Прилепска пиварница АД Прилеп.

### Принципи на деловно однесување

Прилепска пиварница АД Прилеп очекува добавувачите да работат одговорно, со интегритет, искрено и транспарентно, како и да се придржуваат кон следниве принципи:

1. **Почитување на важечките закони и регулативи**

Добавувачот своите деловни активности ќе ги извршува во согласност со сите применливи закони, подзаконски акти и барања за производство и дистрибуција на производи и стоки и во обезбедувањето на услуги кон Прилепска пиварница АД Прилеп.

2. **Забрана на сите форми на принудна или задолжителна работа**

Добавувачите на Прилепска пиварница АД Прилеп ќе ги одржуваат и промовираат основните човекови права, вклучително и слободата на движење на работниците. Одлуките за вработување мора да се засноваат на слободен избор и нема да користат принудна работа, физичко казнување и закани од насилство или други форми на физичко, сексуално, психолошко или вербално злоставување како метод на дисциплина или контрола. Договорите за вработување мора јасно да ги наведат условите за вработување и не смеат да го ограничуваат движењето на работниците со задржување на лични документи или други активности насочени кон спречување на работникот да го прекине работниот однос. Покрај тоа, од работниците не смее да се бара да платат за вработување, или да добијат или задржат вработување.

3. **Забрана на детски труд**

Добавувачите мора да се придржуваат до минималната возраст за вработување дефинирана со националните закони или регулативи, како и важечките стандарди на Меѓународната организација на трудот. Во никој случај, Добавувачот не смее да дозволи деца да вршат работа во која се изложени на прекумерни физички ризици што можат да им наштетат на нивниот физички, психички или емотивен развој или кои несоодветно влијаат врз нивните потреби за образование или стручно усовршување.

4. **Поттикнување на разновидна работна сила и обезбедување работно место ослободено од дискриминација, вознемирување или било каква злоупотреба**

Добавувачите на Прилепска пиварница АД Прилеп ќе создадат работно опкружување каде вработените и деловните партнери ќе се чувствуваат ценети и почитувани за нивниот придонес. Вознемирувањето, вклучително и несаканото вербално, физичко или друго однесување што создава обесхрабрувачко, злоставувачко или непријателско работно опкружување, нема да се толерира. Добавувачите ќе практикуваат отворена и чесна комуникација со своите вработени темелени на правичност, достоинство и почит.

Одлуките за вработување мора да се засноваат на квалификации, вештини, перформанси и искуство. Добавувачите ќе понудат можности вработените да се развиваат лично и да ги развиваат своите професионални вештини и способности.

5. **Фер третман на вработените во однос на платите, надоместоците и работното време**

Добавувачите на Прилепска пиварница АД Прилеп мора да ги почитуваат сите важечки закони и регулативи во врска платите, надоместоците и работното време.

Добавувачите се должни да ги почитуваат меѓународните стандарди и локалните регулативи од областа на работните односи во однос на работното време и паузите. Ако практиките на снабдувачот не се во согласност со меѓународните стандарди и законот за работни односи, снабдувачот треба да ги идентификува причините за проблемот и да се обиде да ги подобри тие практики во најкраток можен рок.

6. **Почитување на правата на вработените за слобода на здружување и колективно договарање**

Во согласност со важечките закони, добавувачите на Прилепска пиварница АД Прилеп ќе го почитуваат правото на вработените да се приклучат на здруженија и организации на работници.

7. **Обезбедување на безбедно и здраво работно опкружување**

Добавувачите на Прилепска пиварница АД Прилеп проактивно ќе управуваат со здравствените и безбедносните ризици за да создадат работна средина со минимален ризик од повреди и болести при работа. Од добавувачите се очекува дека ќе спроведат системи за управување и контрола кои идентификуваат опасности и го проценуваат и контролираат ризикот.

8. **Грижа за животната средина во согласност со важечките закони и регулативи за животната средина**

При секојдневните деловни одлуки треба да се има предвид нивното потенцијално влијание врз животната средина, како и потребата да се зачуваат природните ресурси, да се намалат изворите на отпад, да се рециклира и контролира загадувањето, за да се обезбеди почист воздух и вода, како и да се намали депонирањето. Прилепска пиварница АД Прилеп ги охрабрува своите добавувачи да ги идентификуваат опасностите, но и да утврдат и спроведат акциони планови за намалување на заканите кон животната средина во областите на вода, отпадни води, енергија, емисија на гасови, отпад и пакување.

9. **Правилно водење на финансиски книги и деловни документи во согласност со важечките закони и регулативи и донесените сметководствени практики.**

Добавувачите мора да водат и да чуваат точни извештаи и записи за сите прашања поврзани со работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп.

10. **Испорака на производи и услуги во согласност со важечките стандарди за квалитет и безбедност на храната.**

Прилепска пиварница АД Прилеп е посветена на производство на квалитетни и безбедни производи.

Од добавувачите вклучени во кој било процес на развој, производство, пакување, транспорт, складирање и слично, на нашите производи се очекува:

- да ги знаат и да се придржуваат до стандардите за квалитет на производот, политиките, упатствата и процедурите што се применуваат за производите,
- да ги следат и почитуваат добрите производни практики и протоколите за тестирање,
- да ги почитуваат сите важечки локални и меѓународни закони и регулативи за безбедност на храна,
- без одлагање да известат за проблемот во Прилепска пиварница АД Прилеп што може негативно да влијае на квалитетот и перцепцијата на јавноста за производите на Прилепска пиварница АД Прилеп.

11. **Фер конкуренцијата и борба против корупција како услов за деловно работење со Прилепска пиварница АД Прилеп**

Прилепска пиварница АД Прилеп е посветена на легален и етички бизнис и строго забранува договори за корупција со клиенти, добавувачи, владини службеници и други страни. Затоа Прилепска пиварница АД Прилеп им забранува на добавувачите да учествуваат во каква било форма на корупција во јавниот или приватниот сектор. Под никакви околности добавувачот што работи во име на Прилепска пиварница АД Прилеп не може да понуди или да даде нешто, директно или индиректно, на државен службеник, или на кое било лице или субјект од приватниот сектор, доколку има намера да го охрабри примателот да ја злоупотреби неговата позиција со цел да се добие или задржи незаслужена деловна предност или лична корист.

Во согласност со овие принципи, добавувачите мораат да ги почитуваат регулативите за борба против корупцијата. Добавувачите се должни своето однесување да го усогласат со овај кодекс и со Кодексот на професионално и етичко однесување.

Добавувачот нема, и гарантира дека секое лице што дејствува во негово име (вклучително без ограничување неговите вработени и агенти) нема да учествува во активност со незаконски или непрописни средства да се оствари лична корист или предност во работењето. Ова вклучува:

- понуди, ветувања или давања какви било финансиски или други предности на јавен службеник со намера да влијае врз тој службеник во вршењето на неговата јавна функција,
- понуди, ветувања или давања какви било финансиски или други предности на кое било лице со намера да влијае да ја извршува неправилно својата функција, или пак каде и самото прифаќање на таква предност би било, или може да се смета дека е несоодветно,
- барање или давање поткуп со цел да стекнат или задржат деловни активности или какви било други комерцијални придобивки во односите со Прилепска пиварница АД Прилеп.

Пред ангажирањето на трети лица од кои може да имаат интерес определени државни службеници, Прилепска пиварница АД Прилеп спроведува длабинска анализа против корупција на таквите лица. Длабинската анализа може да вклучува користење на достапни извори на информации, бази на податоци за сопственичката структура на капиталот, пристап до податоци за изречени санкции и слење на информации за деловната репутација на добавувачот и односите со државните службеници.  Добавувачот е должен веднаш да ги достави сите податоци и информации кои ќе бидат побарани од страна на Прилепска пиварница АД Прилеп за целите на таквата длабинска анализа против корупција.

**12. Почитување на прописите на Прилепска пиварница АД Прилеп за подароци и судир на интереси во односите со вработените Прилепска пиварница АД Прилеп.**

На добавувачите на Прилепска пиварница АД Прилеп, или на секој што ќе дејствува во нејзино име, им е забрането да нудат подароци на вработените во Прилепска пиварница АД Прилеп кои можат неправилно да влијаат врз деловните одлуки на Прилепска пиварница АД Прилеп или да им дадат незаслужена предност.

Добавувачите се должни да ги извршуваат своите активности на целосно чесен начин и во најдобар интерес на компаниите. Доколку вработен кај добавувачот е во семејна врска со вработен во Прилепска пиварница АД Прилеп или постои друг основ за потенцијален судир на интерес, истото треба веднаш да биде пријавено во Општ и правен сектор во Прилепска пиварница АД Прилеп.

**13. Заштита на доверливите податоци**

Добавувачите мора да ги преземат сите разумни и неопходни мерки на претпазливост за да ги заштитат податоците на Прилепска пиварница АД Прилеп до кои имаат пристап. Добавувачите не смеат да откриваат доверливи информации од деловното работење со Прилепска пиварница АД Прилеп, освен ако не се соодветно одобрени.

Исто така добавувачот не треба да споделува со Прилепска пиварница АД Прилеп информации поврзани со било која компанија доколку добавувачот е под договорна или законска обврска да не ја споделува информацијата.

## 14. Пријавување на можно прекршување на Кодексот

Прилепска пиварница АД Прилеп очекува добавувачите да имаат ефикасен систем за справување со жалби поднесени од работници или трети лица во рамките на нивните деловни активности.

Добавувачите и вработените кај добавувачите можат да пријават евентуално прекршување на овој Кодекс на е-пошта pravnik@pripiv.com.mk или по пошта на адреса ул. „Цане Кузманоски“ бр. 1, со назнака „За Општ и правен сектор“.

Прилепска пиварница АД Прилеп ги поттикнува сите добавувачи доколку сметаат дека вработен во Прилепска пиварница АД Прилеп или друго лице кое постапува во име на компанијата е вклучено во некое однесување кое е спротивно на овај кодекс или е нелегално истото веднаш да го пријават.

Сите пријави се сметаат за доверливи, без оглед на тоа дали се доставени по е-пошта или пошта и може да останат анонимни ако законот тоа го дозволува.

Пријавувањето на евентуалните прекршувања нема да го нарушат односот со добавувачот.

## 15. Потврда за усогласеност

За да работат со Прилепска пиварница АД Прилеп, добавувачите мораат да потпишат договори и да извршуваат активности во согласност со Кодексот на добавувачи. Со претходно известување Прилепска пиварница АД Прилеп може да изврши разумни проверки за да ја потврди усогласеноста на добавувачот со принципите наведени во овој кодекс.

Добавувачот мора да ја потврди усогласеноста со принципите наведени во овој кодекс

Од добавувачот се очекува итно преземање на соодветни корективни активности доколку не се придржува кон било кое од барањата кои произлегуваат од овај кодекс. Прилепска пиварница АД Прилеп го задржува правото да го раскине договорот со добавувачот кој не може да ја потврди усогласеноста со барањата од овај кодекс.

Овој Кодекс се применува од 01.02.2021 година.

Прилепска пиварница АД Прилеп

________________________________

Генерален директор и
Претседател на Управен одбор

Сашко Самарџиоски